# Г О Д И Ш Е Н     И З В Е Ш Т А Ј
# на НВО КХАМ Делчево

# ***2 0 1 3***

***Структура на НВО "К Х А М" -Делчево***

***Собрание***

*Највисок орган на НВО КХАМ-Делчево е собранието и го сочинуваат сите членови на Здружението. Собранието ги поставува насоките за сите политики на здружението и ги усвојува финансиските планови, програми, стратешки цели и извештаи.*

***Управен одбор***

*Управниот одбор на НВО КХАМ Делчево е составен од пет члена кои ги избира Собранието за период од две години. Управниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за стекнување и располагање со средства на НВО КХАМ, поготовка на годишна програма, прием на нови членки и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на НВО КХАМ-Делчево.*

***Членови на Управен одбор***

1. Аксел Ахмедовски
2. Желеанка Демирова
3. Виолета Илиевска
4. Влатко Даневски
5. Даниела Такева

***Надзорна Комисија***

*Тело составено од три члена, одговорно за следење на наменско трошење на средствата и увид во целокупното финансиско работење на НВО КХАМ-Делчево*

***Членови на надзорна Комисија***

1. Сузана Петровска
2. Мехмет Мустафов
3. Тони Стоименовски

***Извршна канцеларија***

*Извршната канцеларија е седиштето на Здружението и вработените лица кои ги координираат активностите на НВО КХАМ Делчево, спроведуваат административно-технички работи, одржуваат контакти со членовите, учествуваат во подготовка на стратегии, работни и финансиски планови.*

***Зекир Абдулов- Извршен директор***

*За успешна работа, остварување на визијата, мисијата и целите на здружението се формирани следните сектори:*

- ***Образовна Програма***

***Елвис Ковачов****-Проектен Кординатор*
***Сара Јашаровска*** *-Проектен асистент*
***Ромина Кајтазова-****Медијатор*
***Мерсид Мустафов*** *-Медијатор*

- ***Здравствена Програма***

***Зоран Биковски****-Проектен Координатор*
***Санела Абдулова-*** *Проектен асистент*
***Едвин Мемедов -*** *медијатор Виница*
***Џинеј Демиров*** *- медијатор с. Црник*

❖ ***Медиумска компоненнта-Здравствена Програма***
***Ромина Кајтазова- радио водител на емисија***

❖ ***Годишна институционална програма***

***Анита Цоневска-***_Програмски координатор_

❖ ***Програма вработување***
***Бети Толевска***

❖ ***Сектор-администрација и финансии***

***Розета Такева-***_Финансов администратор_

***www.khamdelcevo.org.mk***
e-mail:nvokhamdelcevo@gmail.com
Адреса:„Маршал Тито“б.б. Делчево
tel/fax:++389 (0) 33/413-695
моб. тел ++ 389 (0) 71 215 356

***ВИЗИЈА***

*НВО КХАМ Делчево е институционализирана организација во рамките на системот на државата и активен чинител кој придонесува за развој на граѓанското општество и демократија како и инстутциоален пристап и интеграција на ромската популација и другите маргинализирани групи во сите сфери на општествениот живот.*

***МИСИЈА***

*Подигање на образовното ниво и подобрување на социоеконмскиот статус на маргинализираните групи и давање на придонес кон зајакнување на капацитетот на НВОи во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски институции.*

***Стратешки цели***

1. *Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми за лобирање и застапување за развој на демократија, граѓанско општество и човекови права.*
2. *Опреационализација и институционализација на локалните акциони планови од Декадата на Ромите 2005-2015 год.*
3. *Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата*
4. *Развој и унапредување на доборотворстовото и волонтерството*
5. *Подобрување на имиџот и развивање на позитивна слика за Невладиниот сектор во државата преку интензивирање на соработката со локалната и централната власт.*
6. *Кроссекторска и меѓугранична соработка, како и поддршка на евроинтеграциските процеси*

***Вредности и принципи на работата на НВО КХАМ Делчево***

1. *Професионалност и одговорност во работењето*
2. *Стручност во извршувањето на задачите*
3. *Изнаоѓање на идејни решенија и методологии во спроведувањето на различни програми*
4. *Креативност во нови приоди*
5. *Обезбедување на одржливост при реализација на активностите*
6. *Активно вклучување на корисниците во процесот на креирање и изработка на програмите*
7. *Транспарентност и отчетност во соработката со донаторите и корисниците на услугите*
8. *Промовирање на вредности на демократско граѓанство во сите сфери на работењето*

***БЛАГОДАРНОСТ***

За успешното реализирање на Програмата на НВО КХСМ Делчево за 2013 година, голема благодарност упатуваме до CIVICA Mobilitas, чија Програма се имплементира од ЦИРа, (Центар за инаституционален развој), а финансиски е поддржана ос швајцарската Агенција за развој и соработка-SDC.

***Партнери:***

***Фондација Оторено Општество Македонија***

***Roma Education Fund***

**Министерство за труд и социјална политика на РМ**

***Општина Делчево***

# *В О В Е Д*

*Зад нас се 15 години работа на полето на развој на граѓанското општество и демократија и интеграција на ромската популација и другите маргинализирани групи во сите сфери на општествениот живот.*

*Сите наши активности произлегуваат од потребите и интересите на маргинализираните групи со кои сме секојдневно во контакт и продолживме да даваме стручна помош и поддршка на загрозени лица, посебно таму каде не постоела или не била доволна.*

*И покрај вообичаените проблеми со кои се соочуваат сите НВОи од регионот (проблемот од недостаток на стабилни, домашни извори на финансирање) НВО КХАМ од Делчево успеа да ги сочува своите ресурси и во поедини сегменти додатно да се развиваме.*

*НВО КХАМ Делчево е основано во март 1999 година како просоцијална активација и посветеност кон најосетливите групи луѓе во општеството. Тоа беше темел на кој се градеше организацијата како стабилна НВО. Веќе низа години сме респектибилен чинител во развојот на Ромската заедница на регионално ниво и заземаме истакнато место меѓу НВОи во Македонија.*

*Веруваме дека нашата работа во 2013 година допринесе кон заштитата на маргинализзираните групи во регионот и дека се што работиме допринесува кон едно општо унапредување на граѓанското и демократско општество во Македонија.*

*И во 2014 година, НВО КХАМ Делчево ќе продолжи да го професионализира своето работење и да ги унапредува капацитетите.*

*Со право очекуваме дека граѓаните и Локалната самоуправа на општините во Источниот регион повеќе ќе се заинтересираат за нашите резултати и нашите потенцијали.*

**_Зекир Абдулов_**
**_Извршен Директор_**

***РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2013 год.***

- ***CIVICA Mobilitas ПРОГРАМА***

Со поддршка на Програмата за институционални грантови од CIVICA Mobilitas, програма која е финасирана од Швајцарската Агенција за развој и соработка, имплементирана од Центарот за инститиуционален развој ЦИРА-Скопје, преку која НВО КХАМ Делчево ја имплементираше својата годишна Програма за 2013 година, НВО КХАМ Делчево работеше директно на развој на капацитетот на организацијата за да се подобри влијанието во општеството, како и да се подобрат услугите што се обезбедуваат за граѓаните.

Реализираните програмските цели од Годишната програма на НВО КХАм Длечево, со голем број на активности и резултати, ги презентиравме како постигнувања преку публикација овозмошена од Програмата на CIVICA Mobilitas.

За зајакнување на капацитетот на организацијата, Програмата на CIVICA Mobilitas додели патнички автомобил за потребите при реализација на активностите на НВО КХАМ Делчево.

- Во рамките на **проектот „Инклузија на децата роми во Јавните предучилишни установи“** во соработка со Министерството за труд и социјална политика до крајот на оваа учебна година, се вклучени 7 деца од општина Делчево и 20 деца од општина Виница. Со овој проект се следи напредокот на децата во однос на совладување на македонскиот јазик и се врши нивна подготовка за полесен влез во прво одделение.
  Опфатени се деца на годишна возраст од 4,7 до 5,7 год., а покрај следењето на децата во детската установа предвидени се и активности за подигање на свеста на родителите за потребата од предшколско вклучување на нивните деца во образовниот процес.
  Овој проект се спроведува осма година.
- Во периодот до крајот на 2013 година се информирани родителите за важноста од образованието и одпочнување на проектот на едукативни работилници во Делчево и Виница.

- ***„Добар почеток - прва и втора фаза“***

НВО „КХАМ“ од Делчево во периодот од 01.11.2012 год. до 31.12.2013 год. во партнерство со Ромскиот Едукативнен Фонд од Будимпешта (РЕФ) го реализираше проектот „Добар почеток“.

Како наши директни партнери беа Општините Виница, Делчево и Пехчево и детските градинки „Гоце Делчев“- Виница, „Весели Цветови“-Делчево и „7 ми Септември“ -Пехчево

Проектот е реализиран во две урбани (Виница и Делчево) и две рурални (с. Тработивиште и с. Црник) средини и имаше за цел поддршка при рано вклучување на ромските деца во предучилишните установи.

-Со проектот е дадена директна поддршка при вклучување на ромските деца на 119 ромски семејства

Реализирани се 15 едукативни (здравствени и образовни) на кои присуствуваа вкупно 331 ромски родители од трите опфатени општини.

Со проектот директно беа опфатени околу 100 деца од кои сите се вклучени во основното образование што преставува наша подолгорочна цел.

Во рамки на проектот, во февруари-2013 е обезбедена **зимска облека** (патики,тренерки,зимска јакна) **за вкупно 90 деца** вклучени во проектот на сите три локалитети (Делчево,с. Црник и Виница), а во декември-2013 е обезбедена зимска облека **за вкупно 79 деца** (Делчево-на 20 деца, Виница-на 33 деца, Црник-на 26 деца)

- Во февруари-2013 се **обезбедени едукативни материјали за 90 деца** (сликовници, книги) за детските градинка во Виница, с. Црник и Делчево.
- Во март-2013 год. се набавени 160 различни играчки за детската градинка во с. Црник од резервниот фонд на проектот бидејќи градинката воопшто не располага со играчки за децата

- **Обезбедени се едукативни материјали за 90 деца** (сликовници, книги) во Виница, с. Црник и Делчево.
- Доделени се 4 прехрамбени пакети и дадена е помош во пари (3.000 ден.) на 2 лица од Emergy found буџетот на проектот од REF
- **Надополнета е библиотеката за играчки** во детската градинка во Виница со 19 вида на различни играчки, односно вкупно 70 броја на играчки.

- Од месец февруари-2013 се одпочна со работилници на тема „YOUR STORY" од програмата МЕСЕД, која е дел од активностите на проектот. На овие работилници, фасцилитаторот е мајка во која другите забележале потенцијал во поглед на нејзината способност да ги координира активностите на другите мајки, а воедно преку нејзиниот пример на позитивен модел, да влијае на животите на останатите.На работилниците постојано се присутни по 10 мајки кои разработуваат различни наслови од книги.

  Со завршување на оваа активност се анкетирани 90 лица за ефектот од спроведените работилници „Your Story" од програмата МЕСЕД.

- Прокетот **„Право на здравствена заштита-воспоставување на параправна помош во зедницата**" е проектот е поддржан од страна на Фондација Отворено Општество Македонија, а НВО КХАМ Делчево е партнер во спроведување на проектот.

И во текот на 2013 год. имаме континуирано вршење на Параправна поддршка-обезбедување на параправна помош во смисла на посредување и покренување на постапка за остварување на право од здравствена заштита.

При спроведувањето на проектот се одржаа 2 тркалезни маси со институциите на кои се разменуваа информации во врска реформските зафати што се случуваат во законите од областа на здравството и се разменуваа информации за состојбите со здравјето на Ромската заедница. Презентирани се програмите за работење на секоја единица одделно и се донесени заклучоци како уште поинтензивно да се дејствува во насока на подобрувањето на здравјето на заедницата.

Присутни на средбата се здравствени професионалци, службени лица од Центарот за социјални работи-Делчево и Ромски лидери

- Одржани се и 6 здравствено едукативни работилници со ромската заедница на теми:.„Права на пациентите како крводарители", „Болничко и бањско лекување" и „Промени во правата на пациентите со измените во Законот за здравствена заштита" „Услуги од ФЗОМ", со учество на претставник од ФЗОМ Делчево, Влатко Даневски, на која учесниците беа информирани за услугите кои пациентите ги имаат како осигурани по основ вработување и по основ-осигурување во случај на невработеност.Информирани се вкупно 153 лица.

- Во текот на ноември-2013, на два локалитети (Делчево-на 35 семејства и с. Црник-25 семејства) се поделени вкупно 60 хигиенски пакети на социјално загрозени лица-Роми,
- **Обезбедена е параправна помош на 126 индивидуални случаи** од областа на правата од здравствено осугурување и од правата на пациентите и дадена поддршка во остварувањето на овие права, и тоа:

- На 34 клиенти им била обезбедена помош и совет во однос на правата од здравственото осигурување а се однесувале на: пререгистрација на невработени лица, рефундирање на средства од ФЗОМ, право на ортопедски помагала и здравствени услуги кои се ослободени од партиципација
- На 51 лице им била обезбедена помош и поддршка во врска: информирање и упатување на странките до соодветна здравствена установа, изработка на претставки и ургенции до Управен Суд, државен здравствен инспекторат, комплетирање на потребната документација за поднесување на Барања за еднократна парична помош и парична помош и нега од друго лице, придружба на лица, помагање во започнување на постапка пред Управен Суд
- На 41 корисник е дадена параправна помош во однос на остварување на правата од социјална заштита
  - За време на средбите со заедницита и за време на одржување на работилниците се поделени **270 памфлети и 24 плакати** преку директни посети на ромските семејства.

***Со овој проект е подобрен пристапот на ромското население до правниот систем со фокус на правото на здравствена заштита***

- **Од здравствената програма,** исто како и претходната година во тек е проектот ***„Имунизација на деца Роми во трите Општини (Делчево со с.Тработивиште, Пехчево со с. Црник и Виница)“.***

Договорот за грант помеѓу Фондација отворено општество-Македонија и НВО КХАМ, содржи активности за мониторинг на заедницата и вршат поттикнување и информирање за правото и должноста од имунизација кај ромската популација со посебен акцент на децата на возраст до 18 години.

-Она што го карактеризираше целиот тек на проектот се ***индивидуалните средби за застапување на локално ниво.***

Преку овие средби со директорите на здравните домови од сите три локалитети, одговорните здравствени професионалци за редовната имунизација, Градоначалниците на трите локалитети, се преземени конкретни чекори кои носат промени и водат кон остварување на целите не проектот. Средбите се реализирани во текот на целиот период на известување.

Значајно е тоа што **се покренати иницијативи преку Координативните тела за застапување, за формирање на Комисии за унапредување на правата на пациентите во општините Делчево, Пехчево и Виница.**

Истите се формираа во текот на месец декември во сите три општини и во сите Комисии, членуваат и надворешни претставници на ФЗОМ, лекари, претставници на НВО секторот, граѓани.

-Континуирано во текот на целата година се одржуваа средби со членови на зедницата која се врши два пати месечно во текот на целиот период на траење на проектот, кај семејства кои имаат деца до 6 годишна возраст. На овие посети се дава и календарот за имунизација и се разговара за квалитетот на услугите при имунизација.

-Како и во изминатиот период така и оваа година, преку 9 здравствено-едукативни трибини на сите три локалитети, со учество на лекар епидемиолог, гинеколог, педијатар, учесниците беа информирани за превенцијата од повеќе заразни болести и постапката при лекување на истите.

-Во *Недела на имунизација* пак поделени беа 50 бебешки хигиенски пакети за деца до 1,5 год.

***РАДИО***

Од ноември 2012 год. се почна со реализирање на радио емисии на локално радио „Радио Зора“ на теми од областа на здравственото осигурување и правото на здравје. Ова претставува многу важна иновативна алатка во процесот на мобилизирање и јакнење на заедницата, но и во процесот на застапување на истата на локално ниво.

Емисиите служат пред се за зајакнување на зедницата и предвиденото застапување на локално ниво.

Во овој период, поголем дел од учесниците се од самата ромска заедница која на овој начин зборува за потребата од квалитет на услугите при имунизација и потребата од доследно реализирање на законските обврски од Програмата за активна здравствена заштита за мајки и деца.

Учесници во емисиите беа и здравствени професионалци.

Емисиите се добро прифатени не само од Ромската зедница туку од сите граѓани на Делчево воопшто. Ова докажува дека активноста е од инклузивен карактер и е во интерес на сите жители од Општина Делчево.

*Радио емисијата се емитува секој петок со почеток во 9:20 часот на FM 98.3 Mh.*

## *Патот кон кариерата – Подобрување на вработувањето на жените од етничките малцинства во источниот регион*

Проектот „Пат кон карирерата“ се спроведуваше од Македонската Развојна Фондација, а НВО КХАМ-Делчево, заедно со Сојуз на Стопански Комори е партнер во спроведување на проектот.

Програмата беше фокусирана кон интеграцијата на жените од етничките малцинства на пазарот на труд и зголемување на вработеноста во руралните региони на Источна Македонија, а активностите беа насочени кон подобрување на претприемничкиот потенцијал на жените од етничките малцинства.

Проектот траеше од ноември 2012 год. се до 01.11.2013 година.

На работилница во Делчево беа информирани 50 лица за одпочнување на проектот „Пат кон кариерата“, каде е направена анкета помеѓу учесничките на истата и работодавците.

Воспоставени беа и 5 Локални акциони групи во општините Делчево, Берово Радовиш, Виница, Кочани и информирани 221 лице на пет одржани работилници во останатите градови за можностите што ги нуди проектот „Пат кон кариерата“;

- Воедно беше спроведена анкета и анкетирани вкупно 430 невработени жени од етничките малцинства и информирани за можностите за прекфалификација и докфалификација
- Преку активноста „Од врата до врата“ беа посетени 168 жени.

**Финансиски Извештај**

Финасиското работење на НВО КХАМ Делчево е организиран на начин кој ги почитува најважните начела на финансиското работење: отчетност, транспарентност и документираност.

Финансиското работење е во согласнот зо Законот за сметководствено работење на напрофитни организации. НВО КХАМ Делчево изработува годишен финансиски извештаи, а во согласнот со барањата на донаторите, изработува месечни , квартални и годишни извештаи врз основа на сметководствената документација и евиденција.

**Биланс на приходи и расходи**
во периодот од 31.01.2013 до 31.12.2013 год.

| | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Предходна година | Тековна година |
| | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **I. Расходи: Материјални расходи, услуги и амортизација** (202до 210) | 201 | 1633261 | 2370534 |
| | Потрошени материјали | 202 | 293327 | 372977 |
| | Потрошена енергија | 203 | 109522 | 98438 |
| | Други услуги | 204 | 249941 | 212106 |
| | Превозни - транспортни услуги | 205 | 121264 | 165239 |
| | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | 527261 | 29352 |
| | Амортизација | 207 | | |
| | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | 0 |
| | Наемнини | 209 | 6000 | 82500 |
| | Други материјални расходи | 210 | 325946 | 1409922 |
| | **Други расходи** (212 до 221) | 211 | 1962955 | 2911456 |
| | Провизија за платниот промет | 212 | 28718 | 44124 |
| | Камати на кредити и заеми | 213 | 245 | |
| | Премии за осигурување | 214 | | 9989 |
| | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | 36689 |
| | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | 160361 | 2738541 |
| | Негативни курсни разлики | 217 | | |
| | Членарини | 218 | | |
| | Други расходи | 219 | 1773631 | 82113 |
| | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| | Пренесени средства | 221 | | 0 |
| | **Капитални и други средства** (223+224+225) | 222 | 46641 | 158641 |
| | а) Средства за градежни објекти | 223 | 5160 | |
| | б) Средства за опрема | 224 | 41481 | 158641 |
| | в) Други капотални средства | 225 | | |
| | **Помошти, донации и други давачки** (227+228+229) | 226 | 197351 | 264814 |
| | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 227 | 7931 | 198478 |
| | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | 8000 | 66336 |
| | в) Други помошти и давања | 229 | 181420 | |
| | **Плати и надомест на плати** (231+232) | 230 | 272321 | 882799 |
| | а) Вкалкулирани плати | 231 | 190359 | 559019 |
| | б) Вкалкулирани надомести | 232 | 81962 | 323780 |
| | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 233 | | |
| | Вонредни расходи | 234 | 26747 | 0 |
| | **Вкупно расходи** (201+211+222+226+230+233+234) | 235 | 4139276 | 6588244 |
| | Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување (250-235) ако 250 > 235) | 236 | 202622 | 851374 |
| | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | | |
| | Остварен нето вишок-добивка по оданочувањето (236 - 237) | 238 | 202622 | 851374 |
| | Вкупно (235+ 236) или (23+ 237) ако 237 > 236 =252 | 239 | 4341898 | 7439618 |
| | **Приходи од продажба на производи, стоки и услуги** (241+242) | 240 | 52126 | 0 |
| | Приходи од продажба на производи и стоки | 241 | | |
| | Приходи од услуги | 242 | 52126 | |
| | Приходи од камати и позиивни курсни разлики | 243 | 232 | 441 |
| | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 244 | 4221824 | 7173636 |
| | Приходи од кирии и закупнини | 245 | 62660 | 56000 |
| | Сопствени приходи | 246 | 0 | 6920 |
| | Други приходи | 247 | | |
| | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 248 | 5056 | 202621 |
| | Вонредни приходи | 249 | | |
| | **Вкупно приходи** (240+243+244+245+246+247+248+249) | 250 | 4341898 | 7439618 |
| | Непокриени расходи (235 - 250) | 251 | | |
| | **Вкупно** (250+251) = 239 | 252 | 4341898 | 7439618 |

**адреса**: НВО КХАМ Делчево
ул.„Маршал Тито“ б.б
тел/фах: 033/413-695
email:nvokhamdelcevo@gmail.com